Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

.Архивски број: 08-280/1
06.03.2025 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-761/1 од 11.12.2024 година, поднесена од [redacted] преку Адвокат [redacted] поради ненавременост.

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 11.12.2024 година, [redacted] преку Адвокат [redacted] поднесе претставка за заштита од дискриминација. Во претставката се наведува дека истата се поднесува за утврдување дискриминација по основ на образование и повреда на правото на еднаквост во областа на работните односи, извршена од страна на Општинската комисија за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време при Општина Прилеп и [redacted] ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп, преку работоводниот орган вршителот на [redacted] Имено, подносителката била во работен однос со ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп почнувајќи од 14.02.2020 година, на определено работно време на работното место „Стручен соработник-психолог“, кое работно место било обезбедено по основ на пензионирање, старо финансирање и за истото биле обезбедени финансиски средства, а работниот однос без прекини траел од 14.02.2020 година, до 31.08.2022 година, односно повеќе од две години. Откако ги исполнила условите за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно до ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп поднела барање за трансформација на работниот однос од 03.03.2022 година, врз основа на кое работодавачот ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп до Комисијата за трансформација на работниот однос при Општина Прилеп поднела Барање за трансформација на работен однос бр. 03-43/1 од 15.02.2022 година, на вработената [redacted] за работното место „Стручен соработник-психолог“ со целокупната писмена документација за исполнетост на условите за трансформација согласно чл.46 ст.4 од Законот за работни односи за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време. Врз основа на така поднесеното барање за трансформација на работниот однос, Комисијата за трансформација на работниот однос, спротивно на Насоките за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време од Министерството за образование и наука и спротивно

на одредбите од чл.66 од Законот за наставниците и стручните соработници воопшто не постапувала по поднесеното барање. Подносителката завела и граѓански спор во однос на трансформацијата, со цел да ги запази роковите за судска заштита, со кое тужбено барање побарала трансформација на работниот однос од определено на неопределено време. Тужбеното барање и било одбиено со пресуда на првостепениот суд и истата потврдена со пресуда на Апелациониот суд Битола, од причини што судот сметал дека работниот однос на тужителката не може да се трансформира од работен однос на определено во работен однос на неопределено работно време без обезбедена согласност од Министерството за образование и наука и согласност од Министерството за финансии дека се обезбедени финансиски средства за работното место. Тоа, според подносителот на претставката, значело дека судот упатува на тоа дека без претходно спроведена постапка за трансформација на работниот однос пред Комисијата за трансформација на работниот однос при ЕЛС Општина Прилеп, не може истиот да се трансформира. Понатаму, ООУ „Кире Гаврилоски Јане" Прилеп распишало Јавен оглас бр.04-326/2 од 15.11.2022 година, за прием на наставници и стручни соработници на определено работно време за учебната 2022/2023 година до 31.08.2023 година за работното место Стручен соработник-психолог. На објавениот оглас за работното место Стручен соработник-психолог како кандидати се пријавила [redacted] По спроведувањето на постапката за вработување директорот на училиштето извршил избор на кандидатот за вработување [redacted] и со писмено Известување Бр.03-363/2 од 01.12.2022 година, ја известил подносителката на претставката за извршениот избор. Од страна на [redacted] бил поднесен приговор до Училишниот одбор, а на кој приговор таа не добила одговор. Според подносителката, со изборот на кандидатот [redacted] за работното место Стручен соработник-психолог од страна на директорот на училиштето била сторена повреда на одредбите од член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и повреда на член 14 од Колективниот договор за основното образование. Ова од причини што, согласно наведените одредби „наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое: - има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж...", односно „Ако на јавниот оглас за засновање на работен однос за наставник, стручен соработник, односно воспитувач не се јави лице со положен стручен испит, работен однос може да заснова лице без положен стручен испит, на определено време до крајот на учебната година.". Во однос на тоа, кандидатот [redacted] од Прилеп поседувала и имала доставено Уверение за положен стручен испит за стручен соработник, за разлика од избраниот кандидат кој немал положено стручен испит за стручен соработник. Следствено, подносителката повела судска постапка со тужба против училиштето, со барање да биде поништена одлуката за избор поради фактот што таа претходно била вработена на истото работно место и за неа до Комисијата за трансформација веќе било поднесено барање за трансформација на работниот однос од определено на неопределено работно време. Таквата тужба од страна на Основен суд Прилеп била одбиена како неоснована. Во меѓу време, по извршениот избор на кандидатот [redacted]

[redacted] за работното место Стручен соработник-психолог, директорот поднел барање за трансформација на нејзиниот работен однос до Комисијата за трансформација при Општина Прилеп која постапила во краток рок по барањето и за истото работно место постапката била во фаза на прибавување на согласност од Министерството за образование и наука, иако за истото работно на 15.02.2022 година, веќе било поднесено барање за трансформација на работниот однос на [redacted]. По овие настани, на 23.01.2023 година, Општинската комисија за трансформација на работен однос до ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп доставила Известувањето бр.03-221/1 од 23.01.2023 година, со кое го известила директорот дека не постоеле законски услови за трансформација затоа што во време на разгледување на барањето [redacted] повеќе не била во работен однос во училиштето. Следствено, директорот врз основа на истите причини донел Одлука за одбивање трансформација на работен однос на наставник и стручен соработник Бр.02-35/2 од 31.01.2023 година, со која на [redacted] која била вработена на работно место Стручен соработник-психолог на определено работно време до 31.12.2022 година и се одбива трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време. Против таквата одлука, [redacted] вложила жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Државната комисија со РО бр.0904-125 од 12.07.2023 година, ја уважила жалбата и предметната одлука ја поништила, а предметот го вратила на повторно постапување и одлучување од страна на првостепениот орган. Согласно напатствијата на Државната комисија директорот требал да има во предвид дека жалителката во време на поднесување на барањето за трансформација на работниот однос ги исполнувала сите услови за трансформација на работниот однос и дека Општинската комисија била должна да ги следи Насоките за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време Бр.1-20203/ од 19.12.2014 година, доставени од Министерството за образование и наука. Истиот при повторното постапување правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба и повторно да ја спроведе постапката за трансформација на жалителката, а потоа истата да ја продолжи согласно закон. И покрај таквите напатствија, првостепениот орган Директорот, повторно донел Одлука за одбивање трансформација на работен однос на наставник и стручен соработник Бр.02-293/2 од 13.09.2023 година. Подносителката дополнително во три наврати ја обжалувала таквата одлука на директорот до Државната комисија, која пак донела уште три решенија со кои ги поништувала одлуките на директорот и ги давала истите напатствија при повторно постапување. Според подносителката, а врз основа и на решенијата на Државната комисија, директорот погрешно го применувал материјалното право и неосновано го темелел непостапувањето по решенијата со непостоечки услов во членот 66 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, односно со условот постоење на работен однос. Ова првенствено, како што се наведува и од фактот што директорот ја направил повредата првично со изборот на кандидатот [redacted] и со тоа ја ставил подносителката во подредена положба спрема избраниот кандидат, а во однос на

остварувањето на нејзиното уставно загарантирано право на еднаков пристап до работното место. Дополнително, подносителката наведува дека и Општинската комисија за трансформација на работниот однос постапувала спротивно на горенаведените Насоки од Министерството за образование и наука, затоа што не постапила навремено и не ги обработувала барањата редоследно, со што постапувањето било селективно. Оттука, подносителката смета дека врз неа е сторена директна и продолжена дискриминација согласно член 6 и член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па се бара од Комисијата истото да го утврди и да го задолжи работодавачот ООУ „Кире Гаврилоски Јане“ Прилеп да склучат со подносителката договор за вработување на неопределено време за наведеното предметно работно место во претставката.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).*

Дискриминација, согласно член 6 од истиот Закон, *е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Согласно член 8 став 1 од Законот, *Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*

Претставката, согласно член 24 став 5 од Законот, *може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата.*

Комисијата разгледувајќи ги наводите во претставката, најде дека како еднократен настан кој содржи индикативни дејствија за сторена дискриминација согласно нејзините обележја во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е спроведувањето на постапката за вработување по Јавен оглас бр.04-326/2 од 15.11.2022 година, со извршениот избор и Известување Бр.03-363/2 од 01.12.2022 година, која резултирала со престанок на работниот однос на подносителката [redacted]. Од овој настан во смисла на член 24 став 5 од горенаведениот Закон, се поминати повеќе од шест месеци, односно повеќе од една година. Додека останатите наведени настани се

дејствија во рамки на друга правна постапка за кои се предвидени други правни лекови, односно правни дејствија за заштита.

Следствено на тоа, Комисијата утврди дека е настапена застареност на рокот за поднесување на претставка до Комисијата, односно дека претставката е ненавремена.

Од горенаведените причини, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Димко Бејзароски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комисијата*